# ПАТ НА ЖИВОТОТ

ГОДИНА 54



НОЕМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2024

СПИСАНИЕ НА ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ПРОМЕНИ | 4 |
| ПРВИТЕ НЕШТА НА ПРВО МЕСТО | 6 |
| КОГА БОЖИЌ НИКОГАШ НЕ ЗАВРШУВА | 8 |
| ИМАШ ЛИ МЕСТО ЗА ИСУС? | 11 |
| НАЈГОЛЕМИОТ ПОДАРОК | 14 |
| МИСЛА ОД ЕПИСКОПОТ | 16 |
| НЕШТО НОВО | 18 |
| ЗАПОЗНАЈ СЕ СО МЛАДИТЕ ВО ЕМЦ | 22 |
| НОВОСТИ ОД ЗАЕДНИЦИТЕ | 24 |



# ИСУС Е НАЈГОЛЕМИОТ БОЖЈИ ДАР ЗА НАС!

# ПРОМЕНИ

Животот на секој еден од нас е обележан од видливи промени. Отселување од дома, свадба, раѓање на деца, промена на професија, смрт на некој сакан - секоја промена и нејзиното преживување носи збунетост, преоценка и пресврт во секојдневието.

Ние доживуваме промени и кога надворешни околности изгледаат малку променети, но утврдуваме дека нашите чувства и изглед се променети. Може да доживееме промена после прекинувањето на некоја дејност или врска, која означувала многу за нас.

Бадниковата вечер ни припомнува дека промените и пресвртите често се придружени од Божествената интервенција во нашиот живот. Марија и Јосиф појдоа по сосем различен пат после раѓањето на Исус. Преку напнатите месеци, од посетата на ангелот до раѓањето на Детето, тие сигурно расудуваа за уверението на ангелот, додека се потсетуваа еден со друг дека Бог дејствуваше во нивниот живот преку необични околности.

За нас, како и за нив промената е неизбежна. Планирана или не, промената носи со себе болка од крајот на нешто или радост заради новиот почеток. Вистинското прашање е: ќе одговориме ли со внимание на Божјото раководство? Ќе се вслушаме ли во Божјиот Пратеник, Кој ги насочува нашите мисли и вера кон новото, коешто Бог го прави?

Ние можеме да доживееме загуба на тоа кое завршува и трпеливо да го чекаме она, кое ќе се јави, преку доверба во Божјата непроменлива љубов која ни се нуди во секој момент од нашиот живот. Периодот на промената е придружен со страв и ранливост, но тоа исто така ни нуди можност за продлабочување на нашата доверба во верноста на Бога.

Преку овој Адвентен период нека да одделиме време за размислување врз промените во нашиот живот преку изминатата година.

Дали се продлабочила нашата вера?
Дали се отвораме во очекување на Божествената цел во нашиот живот?



# ПРВИТЕ НЕШТА НА ПРВО МЕСТО

***А Јосиф, нејзиниот маж, бидејќи беше праведен, не сакаше да ја посрами и намисли тајно да ја напушти.***
***Матеј 1:19***

Јосиф често останува во сенката на историјата за Христовото раѓање. Светлината на проекторите се насочени кон Марија, а придружни улоги се ангелите, овчарите и мудреците.
Но, Јосиф не е второстепен херој. Тој има главна улога.

Сметам дека Јосиф беше внимателно избран од Бога, како и самата Марија. Јосиф беше праведен човек.
Тој можеше или да си го зачува името, или да ѝ даде дом на Марија и нејзиното Дете – чудо. Не можеше да ги зачува и двете.
Марија имаше потреба од праведен маж, кој ќе ја прими и заштити. Некој, кој ќе ја заштити од недовербата на роднините и пријателите.

Исус како момче требаше да има земен татко, чиишто живот е пример за љубовта и грижата на Небесниот Татко. Затоа Бог избра еден праведен човек. Не е ли интересна карактеристика праведноста, која Бог ја цени на прво место?

Има многу нешта, коишто можат да се најдат на Божјиот список – добро семејство, успешен човек. Бог знае што бара, кога треба да се заврши нешто навистина важно. Тој бара мажи и жени, кои постојано Го ставаат Бог на прво место. Карактерот и односот се од првостепена важност за Бога.
Првите нешта на прво место.



Она, кое што ќе избереш да го поставиш на прво место, всушност е најважно за тебе. Приоритетот ја определува важноста. Исус ја разбираше и живееше таа проста вистина – Тој ни даде пример:
***„зашто секогаш го вршам она што Му е угодно.“***
***Јован 8:29***

За Исус, волјата на Неговиот небесен Татко беше од првостепена важност и Тој секогаш ја ставаше на прво место. Библијата јасно ни вели каде да најдеме смисла и задоволство:
„Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сѐ ова ќе ви се придодаде.“ Матеј 6:33

Која е твојата основна грижа во секојдневието?

Светот има потреба од повеќе мажи како Јосиф и жени како Марија, кои ќе изберат Божјата волја да биде исполнета во нивниот живот. Не се заблудувај. Исполнувањето на Божјата волја не секогаш е лесно. Јосиф и Марија го прифатија Божјиот план за нивниот живот, но цената која ја платија беа нивните сопствени планови.

Запомни го тоа – твојата најсветла иднина не се крие во успехот на твоите планови. Раѓањето Христово – раѓањето на Спасителот е одлична сезона за една проценка.
Одговара ли твојот живот ти на тој основен принцип – првите нешта на прво место?

***Превод: Ребека Пенева***



# КОГА БОЖИЌ НИКОГАШ НЕ ЗАВРШУВА



За само неколку недели, најверојатно ќе ги симнете тие божиќни украси и ќе ги спакувате до следната година... и ќе ги вадите и ќе украсувате со нив повторно и повторно! Да, Божиќ ќе дојде повторно... освен ако Исус не се врати пред тоа.

Оваа година, додека ги пакувате декорациите, би сакала да размислувате за ова: Детето кое се роди во јасли, кое живееше совршен, безгрешен живот, кое умре на крст и воскресна за да можеме јас и ти да имаме вечен живот... Тој доаѓа повторно! Само што следниот пат нема да дојде како бебе во јасли, туку како цар Кој владее.

Јован го видел Исус онаков каков што ќе се појави кога ќе се врати повторно, облечен во долга облека до нозете и околу градите препашан со златен појас; главата и косата Му беа бели како бела волна, како снег, а очите Негови - како огнен пламен; нозете Негови - слични на усвитена бронза, како во печка вжарена, а гласот Негов - како шум од многу води.
Откровение 1:13-15

Тој повторно ќе дојде да царува на Сион засекогаш. Кога ќе дојде тој ден, ќе имаме вечен „мир на земјата“.

Еве како Бог му го открил второто доаѓање на Исус на Јован:

„И видов ново небо и нова земја, зашто поранешната земја помина, и морето го немаше веќе. Тогаш јас, Јован, го видов светиот град Ерусалим, нов, како слегува од Бога, од небото, стокмен како невеста променета за својот маж. И чув висок глас од небото како зборува: „Ете го светиот шатор, светилиштето на Бога меѓу луѓето, и Тој ќе живее со нив; тие ќе бидат Негов народ, а Сам Бог ќе биде со нив - нивниот Бог. И ќе ја избрише Бог секоја солза од очите нивни, и смрт нема да има веќе; ни плач, ни пискот, ниту болка нема да има веќе, бидејќи поранешното помина.“ И Седнатиот на престолот рече: „Ете, сè ново создавам.“ И ми рече: „Напиши, зашто овие зборови се вистинити и верни.“
Откровение 21:1-5



Не знам за вас, но јас едвај чекам. Пророкот Јоил рекол дека се приближува денот. Не знам кога Исус ќе се врати, но знам дека ќе биде порано отколку што беше вчера. Во меѓувреме, ние ќе продолжиме да го славиме Божиќ додека Тој не дојде да нè одведе дома, каде што ќе имаме најубаво вечно прославување. А добрата вест е... дека Бог веќе украси за забавата.

***Драг Господе, Ти благодарам за Твоето ветување за небото. Каква прекрасна прослава ќе биде тоа да се види Исус лице в лице! Дотогаш, ќе го славам Божиќ во моето срце секој ден, заблагодарувајќи Ти за подарокот на Твојот Син,***
***амин.***

Кое е тоа едно нешто кое со нетрпение го очекувате во рајот?

***Шерон Џејнс***



# ИМАШ ЛИ МЕСТО ЗА ИСУС?

***„Го роди својот Син првенец, Го пови и го положи во јасли, зашто за нив немаше место во гостилницата.“ Лука 2:7***

Лесно ни е да го оцрниме гостилничарот кој ги одби Марија и Јосиф кога стигнаа во Витлеем. После сѐ, се прашуваме како можеше неговото срце да биде толку студено. Но, мислам дека на многу начини, овој гостилничар е како многу луѓе денес.

Тој не беше до толку злобен, колку што беше зафатен. Беше преокупиран. Поконкретно, тој бил заинтересиран за заработка. Во градот имаше многу луѓе и можеше да се заработат многу пари. Тој не сакаше да го губи времето со млад пар кој очигледно беше сиромашен и немаше што да му понуди. Сигурен сум дека ако извадеа неколку големи шекели, тој можеше да најде убаво место за нив. Но, тие го немаа тоа. Така, тој во суштина рече: „Можете да одите таму во шталата да спиете.“



Не знаеме дали тоа било штала или пештера. Тогаш често ги чувале своите животни во пештера. Се чини дека зборот во оригиналниот јазик не ни дава јасност овде. Сепак, знаеме дека тоа било место каде што луѓето ги чувале своите животни.

Основниот проблем со гостилничарот беше што тој немаше време. Денес има многу луѓе како него. Тие немаат време за Бог, немаат време за црква.

Но, секогаш ќе најдете време за она што е важно во вашиот живот. Ако сакате да направите нешто, ќе го направите тоа. И ако не сакате да направите нешто, ќе измислувате изговори.

Има ли место во твоето срце за Исус во моментов? Дали би направил место за Него во наредната година? Дали би Му направил место со тоа што секој ден ќе одвојуваш време за проучување на Божјиот збор? Дали би направил место за Исус со молитва? Дали би направил место за Исус со твојата вклученост во црквата?

***Имаш ли место за Исус во твојот живот денес?***

***Грег Лори***

***Она, што на човечки јазик се нарекува страдања, на Божјиот јазик се вика благослови.***

***Џон Весли***



# НАЈГОЛЕМИОТ ПОДАРОК



***„Зашто и Синот Човечки не дојде за да Му служат, но да послужи и да го даде животот Свој за откуп на мнозина.“ Марко 10:45***

Во овој период од годината многу луѓе се возбудени околу тоа што ќе ги чека под елката, мислејќи дека овие работи некако ќе им донесат исполнување. Но, колкумина од нас се сеќаваат на она што го добивме минатиот Божиќ? Неколку месеци по Божиќ веројатно ќе заборавиме на подароците што ќе ги отвориме и оваа година на Божиќ.

Божиќ не значи подароци под елка; се работи за врска со Бог. Исус дојде да ни даде живот во полнота. Тој рече: „Крадецот доаѓа само да украде, да убие и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие.“ Јован 10:10
Исус дојде на оваа земја за да ни донесе значаен живот, живот со цел. Медицината може да додаде години во нашите животи, но Христос додава живот во нашите години. Тој ни дава живот кој вреди да се живее.

Исус, исто така, дојде да го даде Својот живот како откуп за многумина. Тој е роден за да умре за да можеме ние да живееме. Исус дојде со спасувачка мисија. Тој рече за Себе: „Зашто и Синот Човечки не дојде за да Му служат, но да послужи и да го даде животот Свој за откуп на мнозина.“ Марко 10:45

Исус се роди во јасли за да можеме преку Него да стапиме во врска со Бога. И Тој ни го нуди дарот на вечниот живот. Библијата го нарекува ова неискажлив дар.

Она што ме привлече кон Христос на 17 години беше надежта да ја најдам смислата на животот. Сакав да знам зошто сум на земјата. И го најдов тоа во Него. Навистина, она што ни го дава Христос е единствениот дар кој продолжува да ни се дава. Треба само да го примиме.

***Грег Лори***





# МИСЛА ОД ЕПИСКОПОТ

***Во движење***

Зависно од местото од коешто потекнуваат, учесниците на петдневната Светска Методистичка конференција поминаа многу часови во патување до Гетебург. 1200 луѓе од повеќе од 130 земји од сите делови на светот и од повеќе од 80 методистички цркви, минатиот август се упатија кон Шведска и на тој начин, уште во текот на патувањето можеа да се подготват за мотото „Во движење“. Мотото, кое беше прикажано на многу различни начини - на Богослужбите, семинарите и работилниците, како и на изложбите - ми се допадна.

Верата значи да се биде во движење. Некаде прочитав: „Во Библијата верата не е толку работа на главата, но пред сѐ тоа е работа на нозете.“ Ова се заснова на набљудувањето дека Библијата често зборува за патување, за чекорење и следење, за заминување и за тоа да се биде испратен. Талкањето на Аврам и Мојсеј, излегувањето на Израел од Египет, Исусовото патување со Неговите ученици, мисионерските патувања за кои известува Новиот завет се само неколку примери. А Павле се опишува себеси како некој кој сѐ уште не ја постигнал својата цел, но трча кон неа.

Учениците се во движење. И на ова патување верата расте, се движи и се менува. Некои убедувања и ставови ќе се докажат и продлабочат, други ќе се променат.

Конференцијата во Гетебург беше израз на ова и уникатна можност за патување во верата: во слушање и славење заедно, во средба со луѓе од многу различни средини, во запознавање нови перспективи за тоа како да се биде Методистичка црква, во откривање на заеднички точки и разлики, примери во однос на предизвиците на секојдневниот живот.

За мене беше импресивно да слушнам како миграцијата и климатските промени ја обликуваат посветеноста на црквата насекаде. Кога методистите од регионот на Пацификот зборуваат за егзистенцијалната закана од климатските промени и покажуваат како се справуваат со нив, тоа ги потресува луѓето, ги охрабрува и ги предизвикува да размислуваат и да дејствуваат поинаку.

Верата значи да се биде на пат, верувајќи дека Воскреснатиот оди со нас. Ова беше опипливо на Светската методистичка конференција. И на сите им го посакувам ова искуство - и дома, во нивното лично секојдневие и во сведочењето и службата на црквата.

***Епископ Штефан Цурхер***
***Илустрација: Pixabay***





# НЕШТО НОВО

***„Ете, Јас правам нешто ново; еве сега ќе се јави; зар и тоа не сакате да го знаете? Ќе направам пат низ степи, реки – преку пустина.“***
***Исаија 43:19***

Никогаш никому не ја кажав мојата целосна приказна. Никој никогаш не прашал за настаните од мојот живот, или се чинеше дека никој не се грижи за скршеното срце што го носев во мене.

Седумнаесет години без родителска поддршка, бев болно сама, носејќи 17 години ужаси... додека таа не дојде во мојот живот.

Трејси беше младински водач на летен камп. Таа беше нежна, скромна и трпелива со моите бавни, незгодни одговори на прашања што никогаш порано не сум ги поставила. Таа слушаше, ја апсорбираше мојата болка и секогаш ме упатуваше на Вистината што се наоѓа во Светото писмо, што таа го сакаше.



На крајот живеев во домот на Трејси шест години, пред да се почувствувам доволно храбра и доволно излечена за сама да се вратам во зрелоста.

Низ тие години, се отворив за скршените делови од мојата приказна, споделувајќи ја мојата болка со надеж дека има повеќе од повредата во светот. Вдишав во благодатта и милоста кои Бог чекаше да ми ги даде. Имаше солзи и смеа. Преку жена која започна како странец, а сега е една од моите најдраги пријатели, Бог ме запозна во мојата темнина со Својот Збор. Бог ја искористи Трејси за да започне нова работа во мене.

Сега, повеќе од 20 години подоцна, Бог ме постави како извршен директор на служба. Посакувам да го земам лицето на 17-годишната Мередит во раце и да ѝ кажам: „Бог ќе испрати спас. Но, тоа не е она што го очекуваш. Нема да биде мајка, татко, диплома или маж кој ќе те спаси. Тоа ќе биде жена која го сака Исус и Неговиот Збор и ќе го сподели со тебе. Само биди трпелива. Бог прави нова работа“.

Пријателе, ако си се нашол во сезона на темнина - сакаш некој да ти го земе лицето во раце и да те потсети дека спасот доаѓа - дозволи ми да бидам таа личност за тебе денес.

Земи длабок здив и слушни ги овие зборови: Ти ветувам, врз основа на зборовите од Светото писмо, дека не си сам. Со што и да се соочуваш, издржи; не се откажувај. Дури и ако не можеш да го видиш сега тоа, Бог започнува нова работа во твојот живот. Можеби не е она што го очекуваш или кога ти го очекуваш, но доаѓа. Држи се за надежта во Исаија 43:19: „Ете, Јас правам нешто ново; еве сега ќе се јави; зар и тоа не сакате да го знаете? Ќе направам пат низ степи, реки – преку пустина.“

Без разлика во која сезона си, одвој малку време за да ја пронајдеш верната Божја рака во твојот живот досега. Плачи солзи на благодарност за Неговото спасување. И тогаш, кога твоето срце ќе почне да се осветлува, радувај се на Божјата верност.



Се радувам со тебе! Нашиот Бог е толку добар и толку дарежлив. Сакам да нѐ предизвикам и двајцата, како што направи Трејси за мене, да се држиме до утехата што Бог ја дал во нашите неволји, за да можеме и ние да ги утешиме другите во нивната скршеност (2. Коринтјаните 1:4). Бог нѐ повикува да бидеме носители на Неговата благодат, Неговото Слово и Неговата љубов.

Драг Боже, Ти благодарам за новото нешто што го правиш во секој од нас! Ти си нашиот Спасител и Ти благодариме што нѐ покани да учествуваме во Твојата спасувачка мисија. Помогни ни да бидеме спремни да ги утешиме другите исто како што Ти нѐ утеши нас. Потсети нѐ дека нашата послушност кон Тебе може да промени многу животи. Амин

***Превод: Ребека Пенева***

# ЗАПОЗНАЈ СЕ СО МЛАДИТЕ ВО ЕМЦ

**- ЕЛИСАВЕТА АЛАЧЕВА**

Родена сум во Струмица, живеам во село Мууртино со мојата сестра и родителите. Заедно со нив ги посетувам Богослужбите во ЕМЦ Муртино.



Уште од мала ја сакам музиката. Научив да свирам во основно училиште, а исто така уживам и во пеењето. Овие дарови најмногу сакам да ги користам за Божја слава и затоа активно свирам и пеам на црковните Богослужби.

Помагам во работата со деца во неделното училиште и за мене е голема привилегија да им ја соопштам радосната вест на децата и благодарна сум на Бог за нив.

Учам во гимназијата „Јане Сандански“ во Струмица и активно учествувам на настани и концерти во училиштето.

Цртањето за мене е едно големо хоби кое ме исполнува, уживам во тоа и цртам на најразлични површини - хартија, платно, дрво, камен... Додека цртам ја доживувам убавината на Божјото создание, убавината на природата, сфаќам колку Бог е совршен и создал сè да биде прекрасно.

Сакам да патувам, ги сакам дружбите со христијаните, често сум учесник на кампови и таквите собири се голем благослов за мене и ми помагаат да растам духовно. Благодарна сум за луѓето кои Бог ги поставил во мојот живот.

Како посебен стих за мене би го издвоила:

***Проповедник 12:13***
***„А суштината на сè е: имај страв од Бога и пази ги Неговите заповеди, зашто тоа му е сета должност на човекот.“***





# НОВОСТИ

## ОД ЗАЕДНИЦИТЕ

# РАКОПОЛАГАЊЕ НА ДВАЈЦА ПАСТОРИ НА ДИСТРИКТОТ АЛБАНИЈА

По повод ракополагање на двајца нови пастори во полна служба на ЕМЦ во Албанија, во деновите од 20 до 22 септември во Поградец (Албанија) пасторите од трите дистрикти, со нивните сопруги, заедно со суперинтендентите на Србија, Албанија и Македонија и епископот за Средна и Јужна Европа Др. Штефан Цурхер, можеа да поминат заедничко време во дружење, размислување и разговарање за различните служби на лаичките соработници, пасторите и значењето на заветот што го даваат пасторите при нивното ракополагање. Имавме навистина благословени моменти, за сето тоа време згрижени од страна на браќата и сестрите од заедницата во Поградец.

Градот Поградец се наоѓа од другата (албанската) страна на Охридското Езеро, а црковниот објект е лоциран веднаш спроти езерото. Од плажата на езерото го дели само една улица и мал дел зеленило.



Од друга страна, пак, додека пасторите ги имаа своите официјални средби, нивните сопруги можеа меѓусебно да се дружат и уживаат во прошетките покрај езерото или во внатрешноста на градот Поградец.

Во неделата на 22 септември, со полна сала луѓе на заедничка Богослужба, од страна на епископот беа ракоположени две лица за пастори од дистриктот Албанија: Џерџи Лушка и Флориан Чела. Со овие двајца, дистриктот Албанија веќе има тројца ракоположени пастори. И ние, заедно со нив и останатите присутни браќа и сестри, можевме да ја споделиме благодарноста кон Бога и радоста која произлегуваше од целиот тој настан.

***Извор:***
***Канцеларија на суперинтендентот***
***Марјан Димов***






Евангелско-Методистичка Црква во Р. Македонија

Канцеларија на Суперинтендентот
Ул. „Дебарца“ бр. 9
1000 Скопје
Тел: 071 646 236
Е-пошта: superintendent@emc.mk

ул. „Загребска“ бр. 1
2400 Струмица

До заедниците на
ЕМЦ во Македонија
и општата јавност

# ПРЕДМЕТ: И З В Е С Т У В А Њ Е

во врска со ставот на ЕМЦ во Р. Македонија во поглед на хомосексуалноста и дефиницијата за брак

Поради разбрануваноста на разни луѓе во нашите заедници и надвор од нив во поглед на хомосексуалноста и дефиницијата за брак на светско ниво, проповедниците на ЕМЦ Македонија заедно со Црковното претставништво на ЕМЦ во Македонија на ден 8 октомври 2024 година се состанаа и преку усвојување на декларација го произнесоа следниот заеднички став, кој воедно е и официјален став на ЕМЦ во Македонија.

1. Евангелско-Методистичката Црква во Македонија подржува дефиниција на бракот како заедница помеѓу еден маж и една жена, односно моногамен, хетеросексуален брак.
2. Евангелско-Методистичка Црква во Македонија не ја одобрува практиката на хомосексуалност и ја смета оваа практика за небиблиска и спротивна на христијанското учење.
3. Со оваа декларација Евангелско–Методистичката Црква во Македонија потврдува дека останува да работи според Црковната Дисциплина донесена во 2016/2017 година од Централната Конференција и ги отфрламе сите измени на Дисциплината донесени по овие прашања на Генералната Конференција во 2024 год.

*9 октомври 2024 г.*

*Суперинтендент,*

*Марјан Димов*



**_За овој Божиќ ти посакувам радост која доаѓа од мислата за Спасителот, молитва која ги победува сите негативни ситуации и благодарност која ќе биде твојот подарок за Славеникот._**

# ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА

*Молитвата не треба да ни биде последно средство туку прв ресурс*



- Благодарни срца
- Заедништво помеѓу заедниците
- Младински и детски групи
- Женски и машки групи
- Црковното раководство
- Социјалната работа која се извршува преку Дијаконијата
- Духовно пробудување
- Ученштвото во црквата

# РЕСУРСИ

**Христијанска песнарка**




**Библија**



**Библија**




**Библија за деца**




*** сите апликации може да се инсталираат со скенирање на кодот**

# ИНФОРМАЦИИ

## Сметка на ЕМЦ

Добредојдени се вашите доброволни прилози за работата со литература на ЕМЦ во Македонија, на која било од следниве сметки, со цел на дознака:
ЗА ЛИТЕРАТУРА

**НЛБ Банка**

210-0471551901-34

**Шпаркасе Банка**

250-0080004168-42

## Веб-страница

На www.emc.mk можете да ги следите тековните новости од активностите во сите заедници на Евангелско-методистичката црква во Македонија.

*Фотографиите кои се користени во списанието се преземени од страните: www.unsplash.com и www.canva.com




- Илустрација:
  Ребека Пенева



Списанието е достапно онлајн на веб-страницата
Годишна претплата: 400 ден. (излегува 6 пати годишно)


Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Ревека Василева
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 70 618 559 / literatura@emc.mk

www.emc.mk